

Slow Food®
Macedonia

ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНСТВО ВО СЛОУ ФУД

www.slowfood.mk



Издавач: **Slow Food Macedonia © 2019**
Издание: **01**
Датум: **30.06 2019 година**

Дизајн и графичко уредување: **Горан Трсунов**
Фото кредит © **Slow Food Macedonia**

ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНСТВО ВО СЛОУ ФУД

На основа на член 6 и7 од Статутот на конвивиум, Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“ на седницата одржана на ден 04.02.2008 година во Скопје го донесе следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СЛОУ ФУД

Член. 1
Членување во Слоу Фуд

Конвивиумот својата мисија и цели ги остварува преку доброволните активности на своите членови, истовремено конвивиумот е отворен за предлозите и иницијативите на своите членови. Членовите се мошне важен дел од делувањето на Слоу Фуд.

Член за Слоу Фуд во Македонија може да стане секој граѓанин на Република Македонија со пополнување на пристапница и уплата на соодветната членарина во конвивиумот кој го избрал.

Член на Слоу Фуд не може да стане лице кое било претходно исклучено од Слоу Фуд заради причини наведени во член 3 од овој Правилник.

Пополнувањето на пристапницата се врши лично.

Член на Слоу Фуд во Македонија може да биде и државјанин на друга земја, кој во Република Македонија не сторил прекршок против нејзиниот суверенитет, интегритет или на друг начин и наштетил или ги загрозил нејзините интереси. Зачленувањето се врши исто така со пополнување на пристапница.

Потписникот на пристапницата е должен во рок од еден месец да ја плати годишната членарина во Слоу Фуд. Членарина за тековната година не се плаќа единствено доколку до истекот на истата останууваат помалку од три месеци (односно поднесувањето на пристапницата се случило подоцна од 30 септември), во тој случај членството се активира од 01 јануари, следната година.

Член. 2
Продолжување на членството

Членувањето во Слоу Фуд трае една година, а потоа може да биде продолжено. Продолжувањето на членувањето се врши со уплата на членарина за наредната година, не подоцна од 31 март. При продолжувањето на членувањето не се пополнува нова пристапница, само доколку има потреба од измена на податоците во контактите на членот.
Доколку членувањето не биде продолжено, односно членаринатa за наредната година не биде платена најдоцна до 31 март, членувањето се прекинува, заради неплаќање членарина.

Член. 3
Исклучување од членство на Слоу Фуд

Исклучувањето може да настапи заради:

1. Неплаќање на членарина - Според овој рравилник, по автоматизам се исклучуваат од активно членство, членовите кои не ја платиле членаринатa за наредната година најдоцна до 31ви март. Членувањето во Слоу Фуд може да биде обновено со повторно пополнување на пристапница и плаќање на годишната членарина.
2. По сопствена желба може да го прекине членувањето Слоу Фуд, со давање на изјава;
3. Делување спротивно на Статутот на конвивиум, Статут на „Слоу Фуд Македонија“, Статут на меѓународната организација Слоу Фуд и сите правилници на организацијата;
4. Рушење на јавниот углед на Слоу Фуд во Македонија - делување против активностите на Слоу Фуд, ширење невистини за неговата работа и јавни клевети за неговите членови.
5. Непочитување или прекршување на одлуките донесени од страна на органите на конвивиумот, како и од Националниот одбор и Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“.

Во случаите 3, 4 и 5, Управниот одбор на конвивиумот или Националниот одбор поднесува предлог за исклучување на членот до Националниот совет. На седницата на НС на која ќе се расправа предогот за исклучување на членот, членот има право да присуствува на седницата и да го искаже своето мислење по поднесениот предлог. Одлуката на Националниот совет е конечна.

Доколку Националниот совет донесе одлука за исклучување, од причини од точка 3, 4 и 5 од овој член, членувањето не може да биде обновено.

Во случај Националниот совет да го одбие предлогот за исклучување, членот има право да го продолжи членувањето и сите придобивки кои ги овозможува членството.

Доколку од Слоу Фуд треба да се исклучи Лидер на конвивиум или член на Управниот одбор на конвивиумот, со одлуката за исклучување од членство, престанува и неговата функција во органите на конвивиумот и сите овластувања и надлежности кои произлегуваат од истата. Доколку се исклучува Лидер на конвивиум, по автоматизам престанува и неговото членување во Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“.
Во случај на исклучување на член на Национален одбор, одлуката за негово разрешување се донесува од страна на Националниот совет , со која истовремено се исклучува од членување во Слоу Фуд.

Член. 4
Членска картичка

Секој член на Слоу Фуд има право да добие членска картичка. Членската картичка ја издава сервисот за членство на Слоу Фуд Македонија, најдоцна еден месец по уплатата на годишната членарина.
Важноста на членската картичка е за тековната година и е валидна најдоцна еден месец по плаќањето на членаринатa за наредната година.
На членската картичка има лични податоци за носителот (име и презиме, адреса) и реден број на членство.

Член. 5
Членарина

Обврска на секој член на Слоу Фуд е да ја плаќа годишната членарина, најдоцна до 31 март од тековната година за која важи членаринатa.
Уплатата на членарина се врши со уплатница на сметката на локалниот конвивиум, кај секретарот на локалниот конвивиум или на онлајн формата на интернет страницата на „Слоу Фуд Македонија“.
Членаринатa за една година изнесува 300,00 денари, за сите категории на членови.
Измената на висината на годишната членарина се врши со донесување на измена на овој правилник, на предлог на Националниот одбор до Националниот совет кој го донесува овој правилник.

Член. 6
Права, обврски и придобивки од членството

Членовите на Слоу Фуд ги имаат следните права:

- активно да се вклучат со свои идеи и превземање на задачи во реализацијата на активностите на конвивиумот;
- со уплатената чланарина придонесуваат во реализацијата на програмските определби на Слоу Фуд на локално, национално и меѓународно ниво и да бидат информирани за начинот на трошење на средствата собрани од членаринатa;
- да учествуваат на Собранието на членови и да придонесат за креирање на програмата и активностите на конвивиумот во делувањето за подобра храна утре и во градењето на локалната заедница;
- да избираат и да бидат избрани на некоја функција во конвивиумот или делегат на Националниот конгрес.

Членовите ги имаат следните обврски:

- да ги почитуваат и промовираат основните принципи на филозофијата на Слоу Фуд и визијата и мисијата на мрежата;
- да ја унапредуваат и активно да учествуваат во работата на конвивиумот;
- да го прифатат и почитуваат Статутот;
- да го почитуваат и заштитуваат името и логото на Слоу Фуд;
- да плаќаат годишна членарина.

Придобивки од членството:

- Редовно информирање за сите активности на конвивиумот, националната и глобалната мрежа на Слоу Фуд;
- Можност за да учествуваат на локални, национални и меѓународни настани по поволности наменети за членовите;
- Да користат различни придобивки како член овозможени од Слоу Фуд и Слоу Фуд Македонија.

Отчет кон членовите:

- Членовите имаат право да бидат информирани за намената на средствата од членаринатa, за кои активности истите се потрошени;
- Членот учествува на Собрание на членови, на кое се одобрува годишниот извештај со реализираните активности и финансискиот извештај од страна на Управниот одбор, потоа овие извештаи се достапни на интернет страницата на конвивиумот и испратени до секој член;
- Годишниот извештај со реализираните активности и финансискиот извештај за работата на Националната организација се одобрени од страна на Националниот совет, каде членовите на конвивиумот се претставувани од својот лидер, потоа истите се достапни на страницата и испратени до секој член.

Член. 7
Почесните членови на Слоу Фуд

Почесните членови на Слоу Фуд се избираат на седница на Собранието на конвивиумот, по писмен предлог од најмалку три негови редовни членови или на предлог на членовите на Националниот одбор или Националниот совет на Слоу Фуд Македонија или секциите на Слоу Фуд Македонија.
Почесните членови не ја плаќаат годишната членарина.
Почесните членови добиваат посебна значка и редовно ги добиваат сите публикации на Слоу Фуд Македонија.

Член. 8
Заштита на податоци

Официјална база за податоци на членови на Слоу Фуд од целиот свет се води во седиштето на Слоу Фуд во Бра, Италија, која е управувана од сервисот за услуги за членови. На национално ниво, таква база поседува и Слоу Фуд Македонија во својата канцеларија.

Личните податоци на членовите се заштитени согласно Закон за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015 и 99/2016).

Член. 9
Завршни одредби

Толкување на одредбите од Правилникот има Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“. Измените и дополнувањето на Правилникот се донесуваат единствено од страна на Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“ по предлог на Лидерот на конвивиумот, поткрепен со записникот од Собранието на членови на конивиумот.

Овој Правилник е донесен на седницата на Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“ одржана на ден 30.06.2019 година и стапува на сила веднаш.

